


ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОРАТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ

# НАСОКИ ЗА ПОДДРШКАТА НА ЕУ ЗА СЛОБОДАТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА МЕДИУМИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ 2014-2020

Европска Унија

# 1. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО И МЕДИУМИТЕ




Слободата на изразувањето е основно човеково право заштитено со меѓународното право, меѓу другото и со Европската конвенција за човекови права, и претставува составен дел од функционирањето на плуралната демократија. Тоа е дел од вредностите врз кои се темели Европската Унија (како што упатува членот 2 од Договорот за Европската Унија). Почитувањето на овие вредности и посветеноста на нивното застапување се основните критериуми за оценување на аспирациите на една земја да стане членка на Унијата (член 49, ibid.). Оттаму, слободата на изразувањето е суштински дел на копенхагенските политички критериуми за пристапување кон Европската Унија.

Треба да се подвлече дека покрај тоа што е основно човеково право, слободата на изразувањето и медиумите често претставуваат предуслов за спроведување на други права и слободи. Без слободни медиуми, на граѓаните им се скратува правото на урамнотежени, точни и сигурни информации, без изложување на предрасуди и пропаганда, кои ги поткопуваат демократијата и делотворноста на институциите. Плурализмот во медиумскиот простор овозможува да се разоткрие многустраната природа на општеството и ги промовира дијалогот и толеранцијата. Критичкото преиспитување на политичките процеси од страна на медиумите ја гарантира нивната транспарентност и овозможува владите да практикуваат предвидливи политики на работење, имуни на притисоците на малите интересни групи. Конечно, со ова се подобрува владеењето во дадена земја-пристапничка, што создава доверба во идните земји-членки.

Покрај ова, вклученоста на граѓанското општество во претпристапниот процес може да придонесе за продлабочување на разбирањето на граѓаните за реформите што треба да ги заврши земјата со цел да се квалификува за членство во ЕУ. Ова може да помогне да се гарантира дека пристапувањето во ЕУ не претставува само владина вежба и може да стимулира избалансирана јавна дебата, што е од суштинско значење за донесувањето добро информирана одлука за членство во ЕУ на крајот на претпристапниот процес.

# 2. АГЕНДА ЗА СЛОБОДАТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА МЕДИУМИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОШИРУВАЊЕТО

Слободните медиуми се основниот предуслов за слободата на изразувањето. Бидејќи и медиумите и нивните пазари во основа се национални, постои многу малку законодавство на ниво на ЕУ со кое тие се уредуваат[1]. Сепак, во контекст на европската политика за проширувањето, Европската комисија е обврзана, со копенхагенските политички критериуми, да спроведе целосно оценување и да утврди дали постои реално почитување и вистинска посветеност во поглед на промовирањето на слободата на изразување во дадената земја-аспирантка. Оценувањето треба да биде сеопфатно, а земјите од проширувањето треба да се справат со утврдените недостатоци и да ги поправат, дури и кога не постои европска регулатива со која би се усогласиле или би ја спровеле. Годишните оцени за ситуацијата со слободата на изразувањето и медиумите во одделните земји од проширувањето се содржани во редовните извештаи за напредокот на земјите.

Пред неколку години западнобалканските земји од проширувањето ги погоди тешка економска криза. Тоа значително ја влоши финансиската позиција на медиумите[2] и како катализатор ги изнесе на површина сите различни механизми што политичките и други деловни кругови ги применувале за да вршат формален и неформален притисок врз критички настроените медиуми. Загрижувачки влошената ситуација предизвика слободата на изразувањето да стане еден од врвните приоритети во контекст на проширувањето, а тоа последователно се одрази во годишните извештаи за Стратегијата во проширувањето[3].

Целејќи кон темелно разбирање на системската природа на предизвикот за соочување со слободата на изразувањето во зоната на проширување и елаборирање на политиките со кои соодветно ќе се одговори, Комисијата организираше две Speak-up!-конференции (2011 и 2013) на кои учествуваа чинители од медиумската заедница, нивни организации во Западен Балкан и Турција, како и носители на одлуки од овие земји. Овие два настани и следниве заклучоци[4] станаа важни точки на повикување во справувањето со слободата и интегритетот на медиумите во контекст на политиката за проширување.

Од политичка гледна точка, се одлучи да се користи целиот потенцијал на пристапните преговори за да се постигне напредок по прашањата поврзани со слободата на изразувањето. Ова поле особено и правилно треба да биде опфатено со Поглавје 23 (но и Поглавје 10 и други во поглед на темите што имаат влијание врз секторот медиуми) и со соодветниот акциски план. (Кај земјите што се на пат да ги отворат пристапните преговори треба да се користат востановените облици на политички дијалог на високо ниво, за да се отворат темите што загрижуваат од аспект на слободата на изразувањето и да се најдат соодветни лекови).

1 *Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги*
***http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:095:0001:0024:en:PDF***
*Коминике на Комисијата за спроведување на правилата за државна помош на јавните радиодуфузни сервиси (Текст со важност за ЕЕО);*
***http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:52009XC1027(01):EN:NOT***
*Верзија 21 февруари 2014*

2 *2 Овој сектор беше меѓу тие што најмногу пропатија: според разни процени, комерцијалното рекламирање се намали за околу 40%*

3 *Стратегијата за проширување и најголемите предизвици 2013-2014;*
***http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2013/package/strategy_paper_2013_en.pdf***

4 *h**ttp://ec.europa.eu/enlargement/pdf/speak_up_2/20130801_speakup-conclusions.pdf***



Ова е јасна потреба во процесот на проширување во еден подолг период со цел да се постигнат одржливи резултати. За таа цел, Комисијата се посвети на развивање пристап на долгорочна помош (2014-2020) поддржан со рамка на резултати со која ќе се помогне постигнувањето на политичките цели на полето на слободата на изразувањето и интегритетот на медиумите.

Ваквиот стратегиски пристап ќе се примени и на финансиската и на техничката помош преку Инструментот за претпристапна помош, со кој ќе се опфатат три генерални области: овозможувачка средина за слободата на изразувањето и за медиумите; јакнење на новинарските организации и на организациите на медиумски професионалци како клучни двигатели на потребната промена; помош за медиумските куќи да го подобрат внатрешното управување, со што ќе станат поотпорни на надворешни притисоци и ќе ја вратат довербата на публиката.

## 2.1 Овозможувачка средина за слободата на изразувањето и за медиумите

Воспоставувањето правни, институционални и политички услови за создавање овозможувачко опкружување за слободата на изразувањето е одговорност на политичката и на законодавната власт во дадената земја-пристапничка. Во повеќето од нив парламентите се сведени на автоматски одобрувачи на одлуките на владата. Во исто време, пратениците се избираат директно и затоа ја носат крајната одговорност за слободата на изразувањето во својата земја. Поради тоа, Комисијата ќе ги поттикне и ќе им помогне да ја исполнат оваа своја одговорност; ова е досега во голема мера неискористен потенцијал за забрзување на напредокот што се очекува во поглед на овие тешки прашања.

Економската криза е значен фактор одговорен за драматичното опаѓање на професионалните и етичките стандарди во новинарството. Со неа се раширија клиентелизмот и политизирањето на медиумите, што има директно влијание врз квалитетот на финалниот производ. При вакво назадување и во отсуство на делотворно саморегулирање на секторот, политичарите лесно ја користат државната власт – судството – против критички настроеното новинарство. И покрај тоа што повеќето земји од проширувањето ги декриминализираа законите за клевета, развивањето соодветна судска практика (врз основа на членот 10 од ЕКЧП и судската практика на ЕСЧП) во случаите во кои се вклучени новинари уште долго време ќе претставува предизвик.
Во поглед на спроведувањето и извршувањето на законите што директно или индиректно влијаат врз медиумите, тоа треба да биде конзистентно и без нималку „селективна правда". Суштинско учество во ова имаат политичката независност и професионализмот на регулаторните тела. За ова треба да постојат законски гаранции, но еднакво е важно и да се води хронолошка евиденција.

Јавните медиумски сервиси (ЈМС), за разлика од другите, комерцијалните медиуми, се основаат со закон или сличен акт. Значи формално, но и според својата функција, ЈМС припаѓаат во овозможувачкото опкружување за слободата на изразувањето. Тие, исто така, користат јавни пари за финансирање на своите активности. Во тој поглед, ЈМС не треба да се занимаваат со комерцијална радиодифузија (како што се укажува во европското законодавно тело[5]), туку истовремено треба да обезбедат вистински плурализам на содржините (како што е прецизно дефинирано со закон – емитување на јавен сервис) – на што не се обврзани комерцијалните медиуми. Тековниот статус на повеќето јавни радиодифузни сервиси во регионот, со оглед на тоа што владите спроведуваат политичка и финансиска контрола врз нив, е во јасна контрадикција со тоа што го пропишува европското законодавство. Треба да се развијат и да се

5 *Коминике на Комисијата за спроведување на правилата за државна помош на јавните радиодуфузни сервиси (Текст со важност за ЕЕО);* ***http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:52009XC1027(01):EN:NOT***

спроведат сеопфатни реформски стратегии, втемелени во емитувањето на јавните сервиси во согласност со законот, кои ќе овозможат автономија во финансирањето на јавните радиодифузни сервиси.

## 2.2. Медиумските куќи преземаат одговорност за подобро внатрешно управување и производство

Сè полошите економски услови претставуваат искушение за многу медиумски куќи да отстапат од редовните деловни практики. Често влегуваат во „сивата зона" во поглед на даночните и трудовите закони. Постои реален ризик од компромитирање на уредничката политика и професионалната етика во име на јавното или комерцијалното финансирање. Како резултат на ова се намалува довербата во традиционалните медиуми (кои не се на интернет).
За уредниците и за сопствениците на медиумите претставува вистински предизвик да ја преиначат оваа тенденција. Пред сè тоа би значело придржување до јасно (и јавно) дефинирани уреднички и етички кодекси. Треба да постојат и да се применуваат делотворни механизми со кои на чесен и на транспарентен начин ќе се решаваат поплаките на читателите/гледачите. Сите вработени во една медиумска куќа (вклучително и тие со договор на определено време и слободните професионалци) треба да имаат прописни договори за работа, со што јасно ќе се покаже дека не постои простор за самоцензура поради лошо решени работни односи.

Мора да постојат можности за развивање на професионалните вештини на новинарите; особено во поглед на учењето како да постапуваат во тековното променливо медиумско опкружување. Конечно, овие иницијативи зависат од посветеноста на сопствениците на медиумите и на уредниците да се занимаваат со професионално, општествено релевантно новинарство.

## 2.3 Јакнење на капацитетот и репрезентативноста на професионалните новинарски организации

Голем дел од проблемите со кои се соочуваат медиумите кои се во процесот на проширувањето на ЕУ потекнува од граѓанската ограниченост на медиумската заедница во овие земји. Таа во голем дел е фрагментирана и политички поларизирана, поради што постои огромен простор за клиентелизам и опаѓање на професионалните стандарди. Премногу често медиумските професионалци не се способни да ги надминат своите политички разлики и припадност за да постигнат согласност во корист на заедничките интереси: без оглед дали се работи за инсистирање на прописни работни односи или за делотворна и репрезентативна саморегулација во секторот. Неможноста да се искаже солидарност во секторот и да се бранат работничките права доведе до ситуација на широко распространета самоцензура поради изложеноста на новинарите пред нивните претпоставени – сопствениците и уредниците на медиумите. Слично, саморегулацијата на медиумите чија цел е да ги одржува етичките и професионалните стандарди не може да постигне напредок токму поради фрагментираноста и поларизираноста на медиумската заедница. Ова служи како основа (а понекогаш и како предуслов) за вмешување на судството во критичкото новинарство.

Најважно е дека самите новинари треба да бидат клучната сила што ќе ја придвижи очекуваната промена во поглед на слободата на медиумите. Многуте решенија на постојаните проблеми – под услов да не се опфатени со правото на ЕУ – треба да се најдат на национално ниво, во дијалог со националните власти. Во оние неколку случаи во кои професионалните организации на новинари во земјите од проширувањето покажаа дека се посилни и се најдоа на иста линија во врска со нивните професионални интереси, може да се забележи позитивен напредок во активностите за слободата на изразувањето. Затоа, Комисијата ќе го искористи своето наталожено искуство преку поддршка на развојот на граѓанското општество и граѓанските организации во Западен Балкан и Турција, и ќе им помогне на професионалните организации на новинарите и на медиумите.



# 3. ПОДДРШКА ОД ЕУ

За да ги постигне овие приоритети, Комисијата ќе понуди комбинација од политичка и финансиска помош, применувајќи пострагетиски, поделотворен пристап, поориентиран кон резултатите, за да постигне најголемо влијание со ограничените човечки и финансиски ресурси што ги има на располагање.

Со својата политичка поддршка Комисијата ќе ги поттикне земјите од проширувањето да обезбедат поголема поддршка за медиумите во своето законодавство. Исто така, ќе се застапува за вклученост на медиумите и на граѓанското општество во претпристапниот процес, вклучително и во формулирањето, спроведувањето и мониторингот на секторските стратегии за финансиска поддршка од ЕУ, кои ќе бидат зајакнати во рамките на ИПА II.

Финансиската помош од Комисијата ќе се спроведува преку соодветна мешавина од инструменти за финансирање[6] за да се одговори на различните потреби и состојби во земјите на флексибилен, транспарентен и економичен начин, ориентиран кон резултати, којшто го зема предвид и административниот товар на Комисијата. Ова ќе опфаќа: заложба за долгорочни договори, препознавање дека градењето капацитети и застапувањето бараат време и ресурси; промена од проектна поддршка кон пофлексибилен пристап што промовира партнерства и градење коалиции.

Мора да се разбере, исто така, дека финансирањето од ЕУ поврзано со пристапувањето има временско ограничување и ограничен износ. Иако е најголем донатор на медиумите и граѓанското општество, ЕУ не може и не треба да го пополни јазот во финансирањето што се појавува со заминувањето на други донатори од регионот. Како што земјите од проширувањето напредуваат кон конечното пристапување, така Комисијата ќе ги поддржува медиумските организации да станат помалку зависни од меѓународното финансирање, вклучително и од финансирањето од ЕУ.

Овие насоки треба да бидат донесени до март 2014 г., а ќе служат како основа за поддршка на медиумите на две нивоа – регионално (повеќе корисници) и во поединечните земји. Штом ќе бидат донесени, овие насоки треба да станат дел од стратегиите на ИПА за повеќе земји и за поединечните земји, и од програмирањето за периодот 2014-2020. Штом ќе заврши консултативниот процес, ќе биде подготвена и усвоена првата одлука за финансирање (2014-2015), со конкретни активности за поддршка на слободата на медиумите и интегритетот на медиумите и на ниво на поединечна земја и на ниво на повеќе земји.

6 *Комисијата може да ги земе предвид сите инструменти за финансирање и пристапи што се предвидени со Финансиската регулатива. Овде влегуваат проекти, финансирање програми, директни распределби, заедничко финансирање, грантови за следење на резултатите, поедноставени повици и регрантирање.*

# 4. МЕРЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И НА ВЛИЈАНИЕТО

Овие насоки се напишани во облик на нацрт-рамка за резултати. Во рамката се прикажани целите и резултатите што треба да се постигнат преку развивање и организирање програми за помош со повеќе корисници и билатерални програми. Посебно внимание му се посветува на аспектот на верификација: мерливите индикатори (и одредници) се групирани според конкретен резултат што треба да се постигне и според можните начини на верификација (НнВ) што се идентификувани за секоја група индикатори. При изборот на индикатори и начини на верификација се земаат предвид и економичноста и вистинската достапност на податоците.

Следењето на насоките ќе го надгледува ГД ПРОШИРУВАЊЕ во соработка со делегациите на ЕУ во регионот, меѓународните организации и мрежите на граѓански организации што веќе работат на слободата и интегритетот на медиумите. Собирањето податоци ќе опфати и квалитативни и квантитативни оценки, а ќе се спроведува преку истражувања, оценувања од еднаквите/колегите, независни оценувања итн.

Рамката на резултати ќе овозможи напредокот да се мери на ниво на земја, како и во целиот регион на проширувањето. Системот на мониторинг и евалуација ќе опфаќа годишна (или двогодишна) регионална средба со вклученост на медиумските организации, граѓанските организации и радиодифузерите за да се анализираат тековната состојба и напредокот во постигнувањето на целите. Бидејќи од овде може да се црпат податоци за годишните извештаи за напредокот, политичките канцеларии на Комисијата ќе ги следат овие средби.

# НАЦРТ-РАМКА НА РЕЗУЛТАТИ

Предложената рамка на резултати е подготвена во согласност со принципите и целите што се предвидени во годишната Стратегија за проширување, како и во други документи за политиките на работењето на ГД Проширување со кои се поддржуваат слободата и интегритетот на медиумите за периодот 2014-2020. Рамката го опфаќа целиот регион од проширувањето како целина и ќе претставува основа за градење национален пристап според состојбата во земјата. Индикаторите се дефинирани во консултација со членовите на медиумската заедница од регионот на проширувањето и од релевантни меѓународни организации. На 7-8 ноември 2013 во Брисел се одржа средба за собирање идеи, на која учествуваа некои од нив. По неа следуваа сеопфатни онлајн-консултации што завршија на 6 јануари 2014 г. Одредниците и индикаторите дополнително треба да се допрецизираат од оперативен (лесно проценлив) аспект.



| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација[7] |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| **1.** Овозможувачко правно, регулаторно и политичко опкружување за спроведување на правата на слободно изразување, и медиумите и интегритетот на медиумите | **1.1** Парламенти (и влади) во земјите од проширувањето:<br>• спроведуваат периодични оценувања на состојбата со слободата на медиумите, ги оценуваат националните закони и практиката врз основа на група основни принципи за „квалитетот на законот" наведени во судската практика на ЕСЧП и на индикаторите наведени во Резолуцијата 1.636 (2008) на Парламентарното собрание на Советот на Европа<br>• предлагаат и носат предлог-политики и законодавни предлози во согласност со правото на ЕУ и наведените принципи и индикатори за справување со недостатоците | **1.1.а** Спроведени годишни оценувања на постојното законодавство, други правни акти што влијаат врз медиумите и на факторите што влијаат на слободата на изразувањето<br>**1.1.в** Степенот (пр. бројот на организациите, можеби заеднички парламентарни /новинарски работни групи, комисии итн.) до кој професионалните новинарски организации, НВО заинтересирани за медиумите и други релевантни играчи (регулатори, саморегулаторни тела, омбудсман итн.) се консултирани на транспарентен начин и до кој се вклучени во изработката на оцените на парламентот и на предлозите за следење на состојбата. Објавени независни оцени од страна на експертски тимови, меѓународни институти и слично (ако има такви) што сочинуваат дел од дијалогот со парламентите<br>**1.1.в** Бројот на предлозите (пр. политички пристапи /„стратегии", нацрт-закони) направени и спроведени како резултат на оцената | Независно оценување на ИИ.ОО. и/или на регионални ГО за медиуми<br>Истражување помеѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО |
| | **1.2** Судството постапува во согласност со членот 10 од Европската конвенција за човекови права и применливото прецедентно право. Соодветната судска практика на ЕСЧП (при примена на чл.10) е преведена, редовно е ажурирана и е објавена. Изработен е наставен план за обука на судии и редовно се ажурира во поглед на стандардите за слобода на медиумите.<br>Јавните службеници се воздржуваат од покренување обвиненија против критички настроените медиуми (зголемен „праг на толеранција") | **1.2.а** Бројот на судскиот персонал обучен за примена на прецедентното право на ЕСЧП за слободата на изразувањето; обуката ја опфаќа и примената на законодавство што влијае врз медиумите во поглед на основните права (вкл. слободното изразување)[8]<br>**1.2.б** Бројот на пресудите поврзани со медиумите што се конзистентни со судската практика на ЕСЧП<br>**1.2.в** Динамиката во бројот на судските случаи (ослободувања, обвиненија, степенот на досудените штети и пропорционалноста на другите санкции итн.) каде што обвиненијата биле поднесени од јавни службеници врз основа на критика од медиум (клевета и други закони) | Годишен извештај на врховните судови и судските академии, зависно од земјата<br>Оцена од еднаквите согласно со Гл.23и24 |

| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | **1.3** Државните институции и јавните органи преземаат позитивни дејства за да обезбедат и да промовираат плурализам на медиумите и нивна независност. Спроведувањето на законите во медиумските куќи (на пр. даночни, трудови и слични закони) не остава впечаток на „селективна правда". Постојаните ограничувања на информациите од аспект на приватноста и националната безбедност се пропорционални | **1.3.а** Бројот на изјавите од јавни службеници што може да влијаат медиумите да се самоцензурираат<br>**1.3.б** Се намалува бројот на физичките напади, закани и други облици на заплашување на медиумите. Со ваквите случаи навремено постапуваат полицијата и судството<br>**1.3.в** Воспоставени се правила за пристап до информациите и надлежните тела ги почитуваат без доцнење (поголем број одговори во предвидените рокови; помалку приговори поради нецелосни, задоцнети или недобиени одговори) | Истражување помеѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО<br><br>Мониторинг-извештаи направени од меѓународни и/или регионални ГО |
| | **1.4** Независни и професионални регулатори го одржуваат плурализмот на медиумите и спречуваат нелојална конкуренција на медиумскиот пазар | **1.4.а** Законодавството предвидува независно и професионално работење на регулаторните тела во радиодифузниот сектор без политичко или друго замешување. Тие работат транспарентно и делотворно. Од регулаторите (и секторот) се бара советување за законски промени. Владата/законодавецот не презема дејства што би можеле да се квалификуваат како замешување во независноста на регулаторите. Финансиската автономија на регулаторите е обезбедена; тоа се огледува во годишниот извештај на регулаторот за спроведувањето на неговите клучни задачи. Воспоставено е водење хронолошка евиденција за независноста, транспарентноста и професионализмот на регулаторите<br><br>**1.4.б** Регулаторите обезбедуваат (годишно) транспарентна, реална (од аспект на вистинските корисници) и пристапна евиденција за сопственоста на медиумите. Достапни се извештаи за економскиот учинок и финансиското работење на медиумските куќи | Оцена на еднаквите согласно со Гл.10 Информатичко општество и медиуми<br><br>Седници на поткомитетот Гл.10<br><br>Независна оцена на ИИ.ОО. и/или регионални ГО |



| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | | **1.4.в** Донесена е и прописно се спроведува (хронолошка евиденција) законската регулатива против медиумските монополи и доминантната пазарна позиција. Казните се пропорционални. Евиденцијата за спроведувањето е јавно достапна<br><br>**1.4.г.** „Државното рекламирање" и секоја друга директна или индиректна употреба на јавни пари во медиумите се спроведува во согласност со доброто управување за да се гарантира фер, неутрален и еднаков третман (постојат правила и ги спроведува телото за конкуренција или слично тело). Се објавуваат обемот и уделот на државното рекламирање и друга примена на јавни пари по медиумска куќа<br><br>**1.4.д** Транспарентно е давањето реклами од страна на големи компании во државна сопственост. Нивниот обем и удел по медиумска куќа е јавно објавен<br><br>**1.4.ѓ** Јавните политики (на пр. за дигитализација, објавување официјални јавни кампањи) и регулаторните предлози се подготвуваат врз основа на секторски анализи и верификувани начини на мерење на публиката (што редовно се спроведуваат)<br><br>**1.4.е** Надлежните тела (на пр. регулаторните тела) вршат периодични секторски анализи за да се обелоденат неформалните економски притисоци врз независното известување (на пр. од рекламни агенции, сопственици на медиуми што учествуваат во јавни набавки, вкрстена сопственост итн.). Против ваквите притисоци се спроведуваат правни проверки<br><br>**1.4.ж** Приватизацијата на државните медиуми се спроведува транспарентно и со должна почит кон лојалната конкуренција | |

| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | **1.5** Се стимулира јавната побарувачка за квалитетно новинарство. Зголемена писменост кај медиумите и подобро разбирање на улогата на професионалното и етичко новинарство во медиумите на интернет и надвор од него | **1.5.а** Се спроведуваат јавни програми за промовирање на писменоста кај медиумите<br>**1.5.б** Интернетот и понатаму е слободен (регулативата не бара блокирање или филтрирање на интернет-содржините, интернет-операторите го почитуваат бесплатниот пристап до глобалната мрежа како јавно добро)<br>**1.5.в** Јавните власти имаат развиено стратегии за поддршка на „нови"/онлајн, локални и алтернативни медиуми (како и дефиниција на јавните обврски на интернет-операторите) | Независна оцена од регионални ГО |
| | **1.6** Јавни медиумски сервиси – обезбедуваат плурализам во содржините во медиумското опкружување на независен и отчетен начин.<br>Спроведена е реформа на Јавниот радиодифузен сервис – водена од емитувањето јавна услуга и соодветното буџетирање.<br>ЈРС воспоставува хронолошка евиденција на професионализмот, транспарентноста и независноста.<br>Спроведена е дигитализација на радиодифузијата на транспарентен начин, кој овозможува плурализам кај медиумите и почитување на правилата за конкуренција | **1.6.а** Емитувањето јавна услуга е дефинирано со закон (со претходна широка јавна дискусија)<br>**1.6.б** Законот предвидува уредничка независност и содржи одредби против политизирањето на ЈРС. Постои репрезентативен (на целото општество: малцинства, НВО, академијата и сл.) надзорен одбор<br>**1.6.в** Одржливост и автономија на финансискиот механизам на ЈРС; доволно средства за работа на јавниот сервис: степен на автономија од финансиски извори (удел од БДП, удел од годишен буџет, облици на претплата и стапката на нејзината наплата итн), нивна достатност за усогласување со емитирањето јавна услуга<br>**1.6.г** ЈРС се обврзува на отчетност преку објавување годишни извештаи (и финансиски) во согласност со емитувањето јавна услуга како што е предвидено со законот и со годишните работни планови | Независна оцена на ИИ.ОО. и/или регионални ГО<br>Гл.10 седници на поткомитетот (во врска со правниот аспект) |



| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | | **1.6.д** Постојат Етички кодекс и делотворен механизам за справување со поплаките на гледачите<br>**1.6.ѓ** Мерење на динамиката на довербата на публиката во јавните радиодифузни сервиси | |
| | **1.7** Иницијатива и креативност од страна на државните институции во користењето на алатките што им се достапни за промовирање на слободата на говор и диверзитет кај медиумите | **1.7.а** Други активности преземени од страна на властите со цел промовирање на слободата на изразување и на плурализмот кај медиумите | Да се утврди |
| **Унапредување на медиумите до ниво на модерно внатрешно управување** | | | |
| **2.** Медиумските куќи (сопственици/уредници) преземаат одговорност за унапреденото внатрешно управување и производство. Зголемена отпорност на медиумите на надворешни притисоци. Се зголемува довербата на публиката во нив | **2.1** Медиумските куќи доброволно се придржуваат до принципот на транспарентност (како што бара доброто управување). Формирани се професионални здруженија на сопственици на медиуми /издавачи | **2.1.а** Уделот на медиумските куќи што даваат отворен пристап до клучните податоци за корпоративното управување и финансиите (на пр. сопственичката структура, приход добиен од државата, извори на финансирање, биланси на состојбата, пазарен удел итн.) | Независна оцена од регионални ГО |
| | **2.2** Медиумските куќи доброволно се обврзуваат и ги спроведуваат соодветните работнички стандарди. Работните односи веќе не се причина за самоцензура (види и 4.5.) | **2.2.а** Поголем број новинари (вклучително и оние со договор на определено време и слободните новинари) известуваат за адекватни договори за работа со доволна социјална заштита | Истражување помеѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО<br>Независна оцена на меѓународни и/или регионални ГО |

| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
| --- | --- | --- | --- |
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | | **2.2.б** (Бројот на) потпишаните колективни договори. Бројот и статусот на персоналот со договор на определено време и слободните професионалци<br>**2.2.в** Новинарите не известуваат за попречување на слободата на здружување (во синдикати). Ова право е јасно потенцирано во интерниот кодекс на однесување | |
| | **2.3** Самоспроведување на етичките норми и професионалните стандарди | **2.3.а** Бројот на медиумските куќи со развиени внатрешни кодекси (на пр., усогласени со европската и меѓународната федерација на новинари) и делотворни механизми за справување со поплаките од читателите /гледачите (на пр. омбудсман, читателски уредник)<br>**2.3.б** Истражување помеѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО. Бројот на отпуштените новинари поради критичко известување (што било доследно на уредничкиот кодекс) | Истражување помеѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО |
| | **2.4** Зајакнати се структурите за основна и континуирана обука и едуцирање на новинарите и студентите по новинарство за професионалните стандарди, слободата на изразување и интегритетот на медиумите. Нема законски рестрикции на новинарската професија. Се спроведува фер, транспарентна и политички независна акредитација | **2.4.а** Бројот на наставните планови за факултети по новинарство/училишта што се подготвени и се спроведуваат инкорпорирајќи ги во себе етичкиот кодекс и стандардите<br>**2.4.б** Зголемен е бројот на стажантите, како и професионалните новинари и публицисти како лица што се ресурси при програмите за обука | Независна оцена од регионални ГО |



| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
| --- | --- | --- | --- |
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | **2.5** Медиумските куќи промовираат професионална обука (вклучително и за професионалната етика) | **2.5.а** Се спроведуваат програми за професионален развој; просечен број обуки по вработен утврден со политиката за развој на персоналот (различни категории) | Независна оцена од регионални ГО |
| | **2.6** Инвестирање во професионалното раководење со компанијата. Подобрен економски учинок на куќата на пазарите што се менуваат | **2.6** Број/удел на медиумските куќи со добро дефиниран деловен план што се спроведува | Да се утврди |
| | **2.7** Враќање на довербата на публиката | **2.7.а** Квантитативно и квалитативно мерење на рејтингот кај публиката кај медиумските куќи што го подобриле управувањето (вклучително и подобрена уредничка политика) | Мерење на публиката |
| 3. Квалитативно истражувачко новинарство, од доверба, достапно на граѓаните | **3.1** Подобрени услови за квалитетно истражувачко новинарство (види и: 1.3.b; 4.5.a; 2.4.b) вклучително модерни/иновативни пристапи за зголемување на квалитетот и кредибилноста на истражувачкото новинарство.<br>Зголемена соработка помеѓу новинарите, нивните групи и ГО во корист на истражувачкото новинарство.<br>Се спроведуваат програми за обука за модерни аналитички пристапи во истражувачкото новинарство | **3.1.а** Бројот на заедничките проекти на новинари/ГО. Бројот на тимовите за соработка и на регионално ниво посветени на истражувачкото новинарство<br>**3.1.б** Делот од буџетот на куќите (вклучително ЈМС, локални и онлајн-медиуми) наменет за истражувачко новинарство. Времето во етер („страници") посветено на истражувачки стории<br>**3.1.в** Јавно признание за квалитетно истражувачко новинарство | Да се утврди<br>Да се утврди<br>Мерење на публиката |

| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| **Унапредување на медиумите до ниво на модерно внатрешно управување** | | | |
| **4.** Репрезентативните професионални организации на медиумите и на новинарите се во состојба да преземат одговорност за прашањата од важност за секторот во дијалог со властите, како и да им даваат услуги на своите членови | **4.1** Воспоставен е редовен дијалог во медиумската заедница во врска со прашања на слободата и интегритетот на печатот. Формирани се широки платформи (професионални организации на новинари, НВО, експертски групи, уредници и сопственици) | **4.1.а** Зачестеност и продуктивност на одржаните средби: број и значење на заедничките заклучоци и активности на национално и на регионално ниво<br>**4.1.б** Медиумските професионалци и општата јавност покажуваат свесност за прашањата поврзани со слободата на изразувањето | Истражување меѓу медиумите, новинарите, синдикатите, ГО (и општата јавност – да се потврди) |
| | **4.2** Организациите на медиуми/здруженијата на новинари работат врз основа на долгорочна визија и стратегии за да постигнат влијание. Воспоставен е продуктивен дијалог со властите | **4.2** Организациите на медиуми и новинари водат информиран дијалог со властите на координиран начин. Зголемена е почитта кон овие организации. Тоа особено се огледува во:<br>**4.2.а** зголемената способност за собирање средства (за поддршка на спроведувањето долгорочни планови) и долготрајна финансиска самоодржливост<br>**4.2.б** бројот на организираните и спроведените активности за застапување<br>**4.2.в** бројот на активностите за заедничка политика (на пр. средби за дијалог со јавните органи за предлагање или вршење влијание во поглед на политиките или регулативата што треба да се донесе; влијанието на овие дејства врз донесените одлуки<br>**4.2.г** бројот на членовите што имале корист од слободната правна помош<br>**4.2.д** опсегот на услугите што им се достапни на членовите<br>**4.2.ѓ** динамиката во бројот на членовите | Истражување меѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО<br><br>Независна оцена од регионални ГО |



| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | **4.3** Организациите на медиумите ги следат и ги евалуираат резултатите и влијанието врз нивната работа | **4.3.а** Годишни извештаи на организациите на медиумите со кои се следат и се евалуираат нивните проекти и програми преку примена на индикатори за основните правила и за квалитетот. Бројот на медиумските организации што ги објавуваат своите извештаи | Извештаи на организациите на медиумите |
| | **4.4** Воспоставени платформи (професионални организации на новинари, НВО, сопственици и уредници на медиуми) што активно ги промовираат професионалните стандарди и етика | **4.4.а** Присуство на саморегулаторни тела со релевантна репрезентативност од медиумската заедница (на пр. бројот на медиумските куќи, уделот на пазарот што тие го покриваат), делотворност на договорените правила: бројот на одлуките против нивни членови и стапката на нивното спроведување<br>**4.4.б** Динамиката на финансиските прилози од медиумската заедница, медиумските куќи и медиумските сопственици во заедничкото саморегулаторно тело (тела) (на пр. Совет за печатот), со што се искажува почит кон заеднички договорените правила за институционална одржливост.)<br>**4.4.в** Саморегулаторното тело комуницира со судството и му е достапно за советување | Независна оцена на ИИ.ОО. и/или регионални ГО |
| | **4.5** Изработени се и се почитуваат стандардите во областа на работните односи | **4.5.а** Зголемен број новинари известуваат за адекватни договори за работа со доволна социјална заштита (види и: 2.2)<br>**4.5.б** Синдикатите се признаени како партнер во преговорите за колективни договори. Бројот на колективните договори на медиумските куќи каде што колективните преговори помеѓу синдикатите и работодавците имале позитивен резултат. Квалитетот на постигнатите договори (против намалување на работничките стандарди) | Истражување меѓу медиумите, новинарите, синдикатите и ГО<br><br>Независна оцена од регионални ГО |

| Цел | Резултат | Одредница/индикатор | Начини на верификација |
|---|---|---|---|
| **Овозможувачко опкружување и одговорноста што произлегува за главните актери** | | | |
| | | **4.5.в** Бројот на активностите за застапување и лобирање од синдикати и други организации во врска со работничките стандарди<br>**4.5.г** Квалитетот и бројот на социјалните услуги (на пр. степенот на социјална заштита) за новинарите вработени на определено време и слободните новинари<br>**4.5.д** Спроведување на националните закони за работни односи (во медиумските куќи) и нивното одразување во склучените колективни договори<br>**4.5.ѓ** Присуство (или отсуство) на медиумските сопственици / организации на работодавци. Нивната улога во постигнувањето задоволителни работнички стандарди<br>**4.5.е** (Динамика во) бројот на новинарите организирани во новинарски синдикати<br>**4.5.ж** Обиди за „синдикализација" (или „десиндикализација" ) на медиумските куќи | |

*1 Колоната „Начин на верификација" засега е сосема отворена. Треба да покаже како, во кој облик треба да се мерат индикаторите за да го потврдат спроведувањето на целите. Може да се замисли разнолик спектар на опфатени начини и актери. Така, на пример, ако се работи за оценување на квалитетот на усвоените закони, Европската комисија може да се потпре на воспоставената соработка со Советот на Европа и ОБСЕ. Кога се работи за оценување на помошта дадена на професионалните новинарски здруженија преку користење на Инструментот за граѓанско општество, најверојатно е дека ќе се применат средствата за верификација што се користат кај овој инструмент. Штом ќе се постигне општа согласност за насоките, индикаторите и методите на верификација ќе подлежат на понатамошно истражување и допрецизирање со организациите и институциите што имаат искуство во ова (на пр. регионални ГО што вршат мониторинг на состојбата со медиумите).*

*2 Преку пример: ако судскиот случај се однесува, на пример, на фискалните или економските аспекти од работата на една медиумска куќа, судот треба да земе предвид колкаво е јавното значење на тој медиум за спроведување на слободата на изразување*

Европска Унија